РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр. 03-663/21
04.08 2026 год
КРИВОГАШТАНИ

ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

Врз основа на член 18 од Законот за младинско учество и младински политики("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.10/20) и член 58-в од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23) Локално собрание на млади на општина Кривогаштани објавува:

ЈАВЕН ПОВИК

ЗА ЧЛЕНОВИ НА ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Локалниот младински совет има советодавна и застапувачка улога во општината од делокругот на младинските прашања и политики.Членовите на локалниот младински совет треба да бидат на младинските организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.

Членовите на локалниот младински совет ги избира Локалното собрание на млади од пријавените членови по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади.

Членовите на Локалниот младински совет имаат задача:

- Да предлагаат точки на дневен ред на Советот на општината.
- Да иницираат прашања за млади.
- Да доставуваат инфомрации до општината.
- Да вршат други советодавни и застапувачки работи.

II. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

На Јавниот повик право на учество имаат претставници на: младински организации, организации на млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои се активни на територијата на општина Кривогаштани кои ги исполнуваат следните критериуми:

- **Да имаат активности на територијата на општина Кривогаштани;**

- **Да номинираат членови кои се: жители на општина Кривогаштани и на возраст од 15-29 години;**

III. НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Аплицирањето по однос на јавниот повик се врши во општинските простории во писмена форма или електронски на следнава е-маил адреса: opstina_krivogastani@yahoo.com

Апликантите задолжително треба да ги достават следните документи:

- **Номинација на член со контакт-детали за претставниците** (Прилог бр.1);
- **Образец на изјава за согласност за користење на лични од номинираното лице** (Прилог бр.2)
- **Образец изјава за прифаќање на номинацијата за член** (Прилог бр.3)
- **Биографија на членот**

Доставените пријави нема да бидат разгледувани по истекот на рокот на Јавниот повик.

Доставените материјалите на Јавниот повик не се враќаат.

Јавниот повик трае 10 дена од 04.08.2026 до 13.08.2026 година

Апликациите ќе бидат разгледани од делгатите на Локалното младинско собрание на општина Кривогаштани а мандатите на членовите ќе бидат верифицирани од страна на Советот на општина Кривогаштани по добиена одлука за избор на членови од страна на Локалното собрание на млади.

VI. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Дополнителни информации во врска со Јавниот повик може да се добијат на тел.078 308 964

Претседател на локално собрание на млади
Елена Коруноска